Врз основа на член 39 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ број број 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 6/19 и 29/19) Градоначалникот на Општина Струмица, објавува

**С О О П Ш Т Е Н И Е  З А  Ј А В Е Н  П О В И К**

Се организира јавна анкета и јавна презентација на Изменување и дополнување на ДУП за дел од блок број 38 на град Струмица, Општина Струмица. Просторот на планскиот опфат е ограничен со осовините на следните сообраќајници:
- од северната страна границата е по осовина на собирна улица ,,ул бр.15,,(по ГУП),
- од источната страна границата е по осовина на сервисна улица ,,Цветан Димов,, (по ДУП и ГУП),
- од јужната страна границата е по осовина на станбена улица „бр1“ (по ДУП),
- од западната страна границата е по регулациона линија кон парковско зеленило и по линија на градежна парцела ГП 38.1.

Површината на планскиот опфат изнесува 1,78ха.

Одлуката за организирање на јавната анкета и јавна презентација ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, во Секторот за урбанизам и комунални работи, на ВЕБ страницата на Општина Струмица, во Службен гласник на Општина Струмица и во две јавни гласила.

Јавната анкета ќе трае од 07.09.2022 година до 07.10.2022 година.

Јавната презентација ќе се одржи во просториите на Секторот за урбанизам, Општина Струмица, на ден 13.09.2022 година во 11:00 часот.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Бр.03-6621/4
18.08.2022 год.
С т р у м и ц а

Општина Струмица
Градоначалник
Костадин Костадинов